...а установа
Институт за трансфузиона медицина
на Република Северна Македонија
Institucioni publik shëndetësor
Instituti për mjekësi të transfuzionit
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 02/20
19.02. 2021 год./viti
Скопје / Shkup

ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ТРАНСФУЗИОНА МЕДИЦИНА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
Мајка Тереза 17 Скопје тел.3226 923 факс 3119 -227

www.itm.org.mk

И З В Е Ш Т А Ј

ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ТРАНСФУЗИОНА МЕДИЦИНА НА РСМ – Скопје ЗА 2020 ГОДИНА

Февруари, 2021

И З В Е Ш Т А Ј
ОД ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА
ЈЗУ Институт за Трансфузиона медицина на РМ- Скопје
за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година

1. Основни податоци за раководството и овластеното лице од установата:

Менаџмент	Име и презиме	Статус	Назначен од
Директор лекар	Д-р.суб.спец. Седула Усеини	директор	од 29.03.2018 до 31.12.2020
Директор економист	М-р Венко Стомнароски	директор	од 13.01.2020 до 31.12.2020

ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина на РСМ е институција со основна дејност собирање, преработка и дистрибуција на крв и компоненти со седиште ул.Мајка Тереза бр.17 Скопје. Институтот е институција која ја врши својата дејност на целата територија организирана со Регионални центри подружници на целата територија на РСМ во која на 31.12.2020 беа вработени 393 вработени во редовен работен однос и 5 времено вработени работници по основ на договор за дело.

Структура на вработени на 31.12.2020 година:

Работно место	Број на работници на неопределено и определено време 2020	Број на работници на неопределено и определено време 2019	Број на вработени работници по договор за дело 2020	Број на вработени работници по договор за дело 2019
Доктор по медицина	77	91	0	2
Мед. Лаб.сест и фарм тех	193	196	11	1
Биолози, психол и др	31	22	0	0
Администи технички перонал	92	85	16	2
ВКУПНО	**393**	**394**	**27**	**5**

Во следната табела е прикажана структурата на вработени (вклучително и вработените кои се на боледување):

Вработени	31.12.2014	31.12.2015	31.12.2016	31.12.2017	31.12.2018	31.12.2019	31.12.2020
Медицински кадар	237	245	259	252	286	310	301
Немедицински кадар	45	71	67	67	69	84	92
Вкупно	282	316	326	319	355	394	393

Констатација:

- Од горенаведената табела може да се констатира дека вкупниот број на вработени во 2020 година е намален за 1 вработен при тоа треба да се земе во предвид дека 4 вработени се заминати во пензија додека во Институтот се нововработени 5 вратботени.

Организациска поставеност на ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина на РСМ


Одговорно лице на Установа
Главен трансфузионист на Установа
Главен трансфузионист на ИТМ
Одделение ЈЗУ КЛ. БОЛ Тетово
Одделение ЈЗУ ОБ Гостивар
Одделение ЈЗУ ОБ Струга и Кичево
Одделение ЈЗУ КЛ.БОЛ. Штип
Одделение ЈЗУ ОБ Струмица
Одделение ЈЗУ ОБ Гевгелија
Одделение ЈЗУ ОБ Кочани со ЈЗУ Здравствен дом Делчево
Одделение ЈЗУ КЛ.БОЛ Битола
Одделение ЈЗУ ОБ Прилеп
Оддлление ЈЗУ ОБ Охрид
Спец.бол. Св.Еразмо Охрид зав.нефрол. Струга
Одделение за правни, нормативни работи и човечки ресурси
Одделение за ИТ систем и подршка
Одделение за административни технички работи
Одделение за општи работи
Одделение за материјално – финанскико работење
Одделение за сметководство
Одделение за јавни набавки

2.ПРИХОДИ И РАСХОДИ

Водењето на сметководството, деловните книги, сметководствените документи и обработката на податоците, признавањето на приходите и раходите, проценувањето на билансните позиции, револаризацијата, финансиските извештаи и други прашања во врска со сметководството во ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина на РМ се водени согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници односно врз основа на прописи кои важат (трезорски систем на работење) каде приходите и расходите се прикажуваат врз основа на наплатена реализација и согласно процедурите и сметководствените политики кои ги има усвоено Институтот.

Сметките на Институтот се во Трезорот на ФЗОМ с-ка 100000000066005 и тоа:

Буџетска сметка	660250005**737**13
Сметка сопствени средства	660250005**253**149
Сметка донации	660250005**248**590

	2018 година	2019 година	2020 година	2019/2020 %
ВКУПНИ ПРИХОДИ	**690.477.975**	**791.565.292**	**883.354.986**	**111,60%**
• БУЏЕТСКА СМЕТКА	416.228.000	463.216.000	532.595.000	115,23%
• СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ	273.520.228	327.619.545	350.030.239	106,84%
• ДОНАЦИСКА СМЕТКА	729.747	729.747	729.747	100,00%

	2018 година	2019 година	2020 година	%
ВКУПНИ РАСХОДИ	**689.258.369**	**789.721.603**	**882.529.273**	**111,75%**
• БУЏЕТСКА СМЕТКА	416.228.000	463.216.000	532.595.000	115,23%
• СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ	273.030.369	326.505.603	349.934.273	107,18%
• ДОНАЦИСКА СМЕТКА	0	0	0	0,00%

	2018 година	2019 година	2020 година	%
БРУТО ДОБИВКА – ПРЕНОС ЗА НАРЕДНА ГОДИНА	**31.219.606**	**1.843.689**	**825.713**	**44,78%**
• БУЏЕТСКА СМЕТКА	0	0	0	0,00%
• СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ	489.859	1.113.942	95.966	8,60%
• ДОНАЦИСКА СМЕТКА	729.747	729.747	729.747	100,00%

	2018 година	2019 година	2020 година
ПРЕСМЕТАН ДАНОК ПО ДБ	**268.184**	**421.005**	**287.128**
ПЛАТЕН ДАНОК АКОНТАЦ.	**318.153**	**288.252**	**395.919**
ДАНОК ЗА ВРАЌАЊЕ	**-49.989**	**132.753**	**- 108.791**

АНАЛИЗА НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

2.1 Приходи во период од 2014 до 2020 година

А. ФЗОМ

Приходи од ФЗОМ	2014 година	2015 година	2016 година	2017 година	2018 година	2019 година	2020 година
Фактурирано	395.050.571	397.062.028	461.144.296	495.748.294	430.946.897	**499.257.021**	**499.443.049**
Наплатено	345.000.000	358.000.000	393.000.000	431.000.000	416.228.000	**463.216.000**	**532.595.000**
Повеке/помалк фактурирано	**50.050.571**	**39.062.028**	**68.144.296**	**64.748.294**	**14.718.897**	**36.041.021**	**-33.151.951**
Вкупно повеќе фактурирано 2014-2020 год.							**239.499.156**

Наплатено од ФЗОМ 532.595.000
Фактурирано на ФЗОМ 499.443.049
Помалку фактурирано **33.151.951 (записник ФЗОРСМ отпис)**

Приходи-Буџетски средства

Во 2020 година Институтот има помалку фактурирано до ФЗОРСМ во износ од ***33***.151.951 што изнесува за 6,22 % помалку во однос на конечно доделениот буџет за 2020 година

Структурата на услугите што ги извршува Институтот кон ФЗОМ во 2020 изгледаат како што следи:

- 8,87% или 44.300.550 денари -на пакети од прегледи во амбуланта,
- 42,61% или 212.815.182 денари – специјалистика лабораторија
- 48.52% или 242.327.317 денари-лекови за лицата со хемофилија

100% или 499.443.049 денари ВКУПНО

Структурата на услугите што ги извршува Институтот кон ФЗОМ во 2019 изгледаат како што следи:

- 12,21% или 60.966.710 денари -на пакети од прегледи во амбуланта,
- 49,83% или 248.803.521 денари – специјалистика лабораторија
- 37.95% или 189.486.790 денари-лекови за лицата со хемофилија

100% или 499.257.021 денари ВКУПНО

Структурата на услугите што ги извршува Институтот кон ФЗОМ во 2018 изгледаат како што следи:

- 14,89% или 64.153.910 денари -на пакети од прегледи во амбуланта,
- 45,12% или 194.445.929 денари – специјалистика лабораторија
- 39.99% или 172.347.058 денари-лекови за лицата со хемофилија

100% или 430.946.897 денари ВКУПНО

Од погоре прикажаната структура на услугите што ги извршил Институтот во 2020 година може да се забележи пад во однос на пакети од прегледи во амбуланта и специјалистика лабораторија во однос на 20118 и 2019 година што се должи на состобите со пандемијата предизвикана од КОВИД-19. Имено неработењето на амбулантите во некој периоди особено во месеците март апарил мај, воведениот карантин, одлагањето на закажаните термини придонесе до значителен пад на споменатите пакети. Во 2020 година може да се забележи зголемен обем на дистрибуција на лекови за лицата со хемофилија што се должи на зголемени потреби на лицата со хемофилија а во одреде период беа и закажани повеќе неопходни операции за овој вид на болни.

Б. Сопствени приходи

По програми или други видови на приходи од Министерство за здравство

Приходи од буџет	Салдо + 2014 година	2015 година	2016 година	2017 година	2018 година	2019 година	2020 година
Фактурирано	4.607.200	4.653.000	0	6.240.000	4.634.548	4.575.000	27.339.153
Реализирано	237.000	0	237.000	0	1.467.300	7.563.850	6.391.860

Побарувањата од МЗ на 31.12.2020 година изнесува вкупно 36.151.891 денари. Фактурирањето кон МЗ се однесува главно по програми на лицата за хемофилија, програми за бремени и програми за трансплантациј.

Остварените сопствени приходи се остварени од следниве приходи:

Конто	Приходи	2016 година	2017 година	2018 година	2019 година	2020 година
723019	Приходи од обука и образование	484.430	563.776	243.807	**626.015**	**804.380**
723220	Приходи од крв и крвни деривати	90.177.463	188.715.158	123.048.656	**144.833.133**	**137.763.444**
723819	Приходи од здравствени услуги	88.014.607	112.602.385	111.690.922	**139.691.947**	**178.707.654**
723911	Приходи од закуп	0	0	0	**7.590**	**66.288**
725939	Приходи од приватни пациенти	9.398.581	9.653.166	10.928.952	**10.445.821**	**9.072.824**
7259394	Приходи од вратени аванси.	50.000	33.169	34.170	**4.450**	**7.700**
7259395	Приходи од враб. (паркинг, казни и др.)	220.602	138.799	185.906	**379.829**	**218.850**
7259397	Приходи од погршни уплати и др уплати	317.159			**208.466**	**2.800**
725946	Приходи од партиципација	17.862.640	18.993.727	20.511.390	**23.347.160**	**15.869.097**
725947	Приходи од наплатени штети		37.504			**11.400**
741112	Приходи од МЗ по програми	230.700	0	1.467.300	**7.563.850**	**6.391.860**
741114	Пренос на добивка од минати години	481.076	562.179	2.985.480	**489.859**	**1.113.942**
744111	Приходи од донации	0	0	2.423.645	**21.425**	**0**
Вкупно сопствени приходи:		**207.237.258**	**331.300.663**	**273.520.228**	**327.619.545**	**350.030.239**

Приходи-Сопствени средства

Институтот за трансфузиона медицина на РМ пред се е основан со главна дејност обезбедување на крв и крвни компонети на граѓаните на РМ. Со својата дејност е единствена таква институција во РМ. Своите сопствени приходи ги оставрува токму од оваа дејнотст собирање, преработка и дистрибуција на крв и крвни компоненти на сите здравствени ЈЗУ и ПЗУ кои имаат потреба од нашите услуги при лекување на болните. Во 2020 година како што може да се забележи и од горната табела, Институтот оваа година бележи зголемување на сопстевни приходи. Имено во 2020 година приходите се зголемени во однос на 2019 година во вредност од 22.410.544 денари. Ако се земе во предвид дека оваа година, во однос на минатата кога ФЗОМ ни помогна во наплатата на побарувањата со свој апел, може да се констатира дека ЈЗУ ИТМ одлично ги наплатуваше своите побарувања. Имено во однос на почетно планираниот финансики план кој изнесуваше 300.000.000 денари Институтот успеа да го натфрли за 50.030.089 денари или 6,84%.
Ова пред се се должеше на преземените чекори од страна на службите окулу утужување, склучување на договори за солемизација и наплата на побарувањата.

Приходи-Донации

Во 2020 година сметката за донации немаше остварено никаков промет па единствен приход на оваа сметка согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници пресдтавуваше пренесените на средства од минатата година во износ од 729.747 денари.

2.2 Расходи во 2016, 2017, 2018, 2019 и 2020 година

Споредбена табела на остварени расходи :

Конто	Опис	Потрошено во 2016 година	Потрошено во 2017 година	Потрошено во 2018 година	Потрошено во 2019 година	Потрошено во 2020 година
1	*2*	*6*				
40	плати, наемнини и надоместоци	196.764.928	200.185.692	204.061.476	**232.135.655**	**289.449.882**
420	патни и дневни расходи	2.360.261	2.152.360	1.409.828	**1.110.790**	**524.933**
421	комунални услуги (греење, комун. транс.)	11.305.553	12.044.970	12.111.379	**14.906.223**	**13.479.029**
423	ситен инв., храна, лекови, мед. м-ли; канц.м-ли,	341.691.263	483.137.462	394.876.381	**459.974.531**	**511.416.227**
423510	лекови	200.333.176	261.048.918	216.734.713	239.425.757	249.138.323
423590	медицински материјали	127.832.067	206.672.065	162.040.827	201.105.698	240.732.156
423****	ситен инвентар, храна, канц, хигиена,и др	13.526.020	15.416.479	16.100.841	19.443.076	21.545.748
424	поправка и тековно одржување	4.279.455	7.198.398	6.297.430	**6.596.030**	**9.274.702**
425	договорни услуги	22.922.257	42.176.805	43.576.846	**33.452.257**	**22.713.265**
426	други тековни расходи	3.744.217	1.603.101	2.480.283	**1.209.734**	**1.714.568**
465	Исплати по извршни исправи	0	2.805.928	0	**0**	**0**
480	Купување на опрема и машини	16.344.731	6.594.977	19.711.363	**26.240.178**	**21.858.964**
481	Градежни објекти	20.000	1.424.009	4.733.383	**6.862.649**	**6.459.739**
483	Купување на мебел	11.340	0	0	**9.500**	**14.870**
485	Компјутерски софтвер	0	0	0	**0**	**463.050**
486	Купување на возила	0	0	0	7.224.056	**5.160.044**
Вкупно		**599.444.379**	**759.315.183**	**689.258.369**	**789.721.603**	**882.529.273**

Во текот на 2020 година има зголемување на расходите од работењето што се должи пред се на зголемување на приходите. Зголемување на расходите во 2020 година пред се се должи на зголмување на платите како и на зголмување бројот на вработените. Сето тоа донесе зголемивање на овие расходи на износ од 57.314.227 денари во однос на 2019 година.Зголемување на расходите исто така се бележи на потрошувачката на лекови и медицински средства пред се поради плаќање на акумулирани обврски од минати години од вкупно 51.441.696 денари. Пораст на трошоци има и на конто 424 Поправки и тековни одржувања а пред се на тековни одржувања кои се однесуваат на постоечките софтвери, апарати и др.опрема Потрошувачката евидентирана на конто 425 Договорни услуги се должи на извршени компензации со ЈЗУ низ РМ каде има склучени договори за услуги (режиски трошоци и сл.) Треба да се напомене дека сите подружници на Институтот се наоѓаат во објектите на ЈЗУ и како дел од нив учествуваат во нивните одржувања и тековни трошоци а ние вршиме дистрибуција на крв и крвни компонети и услуги па отаму доаѓаат и меѓусебните побарувања/обврски.
На подини ставки има и намалување на расходите а посебно на конто 425 Договорни услуги во износ од 10.738.992 денари.

Структура на конто 425: Договорни услуги

Конто	Опис	Износ на 31.12.2016 год.	Износ на 31.12.2017 год.	Износ на 31.12.2018 год.	Износ на 31.12.2019 год.	Износ на 31.12.2020 год.
425130	Изнајмување на друг тип простор	0	220.936	382.119	**217.630**	**499.140**
425220	Банкарска провизија	267.064	296.013	289.423	**303.556**	**314.963**
425230	Осигурување на вработени	71.452	10.915	33.546	**40.853**	**42.627**
425250	Осигурување на недвижности и права	334.732	410.246	94.119	**135.750**	**120.641**
425260	Осигурување на моторни возила	216.800	147.104	112.460	**89.881**	**193.348**
425310	Правни-адвокатски услуги	598.884	618.691	605.213	**740.230**	**464.036**
425320	Судски вештачења	56.720	113.007	4.122	**60.000**	**64.620**
425360	Плаќања на судски такси	386.868	616.427	68.575	**1.382.474**	**18.450**
425490	Здрав. Услуги на осигуреници	549.282	436.390	356.999	**515.663**	**244.907**
425790	Други образовни услуги	875.803	1.448.127	1.554.073	**1.757.054**	**1.961.000**
425910	Преведување	94.087	67.223	11.849	**163.273**	**20.208**
425920	Услуги за копирање и печатење	31.724	14.954	13.196	**13.521**	**42.372**
425970	Консултантски услуги	590.452	628.700	/	**898.350**	**216.825**
425980	Надзор за градезни работи	0	0	70.092	**163.548**	**176.451**
425990	Др. Неспо .дог. услуги-компезации со ЈЗУ	13.105.843	32.576.840	27.429.465	**17.641.495**	**16.628.142**
4259901	Др.договорни услуги	0	0	0	**0**	**1.623**
4259903	ДОГОВОР ЗА ДЕЛО	4.838.461	3.811.263	10.508.634	**7.896.989**	**1.491.666**
42599033	Персонален данок дог дело	537.522	424.539	1.167.621	**807.544**	**165.134**
4259904	Терен на лица дог дело	/	/	619.800	**394.000**	**37000**
42599044	Персонален данок терен надвор	0	0	68.868	**43.774**	**4.112**
4259906	Данок на др.дог.услухи	0	0	0	**0**	**6.000**
Вкупно за конто 425		**22.555.594**	**41.841.375**	**43.406.174**	**33.265.585**	**22.713.265**

Во однос на 2019 година во 2020 година има значително намалување на расходите за Договори за дело што се должи на намалување на бројот на договорите дело поради запослување на вработените кои биле на договор за дело. Намалувањето е во износ од 7.047.733 денари. Ова намалување на ова конто се рефлектира на зголемување на конто 40 каде се еводентираат платите и надоместоците на вработените.

Намалување има и на контото Др.неспом.услуги на кое конто се евидентираа компензациите со ЈЗУ во вредност од 1.013.353 денари.

Вкупните расходи од Конто 425 Договорни услуги генерално бележат намалување во однос на 2019 година за 10.552.320 денари.

Структура на конто 426: Други тековни расходи

Конто	Опис	Износ на 31.12.2016 год.	Износ на 31.12.2017 год.	Износ на 31.12.2018 год.	Износ на 31.12.2019 год.	Износ на 31.12.2020 год.
426110	Членарина мегународни организации	0	0	**0**	**28.220**	
426120	Членарина домашни организации	89.000	98.640	88.600	**77.100**	**11.113**
426210	Расходи за репрезентација	1.564.517	875.047	424.289	**113.680**	**44.746**
426310	Семинари	127.953	148.104	41.833	**96.700**	**22.720**
426410	Објавување на огласи	421.513	324.379	312.285	**409.327**	**491.807**
426990	Др,оперативни трошоци – повраќај на пари	1.348.004	121.065	166.678	**245.951**	**201.043**

4269900	Др,опратив трошоци - повраќај на донации	0	0	1.211.612	**0**	**0**
4269902*	Управен одбор	572.000	592.100	429.000	**492.000**	**492.000**
42599022*	Перонален данок – чл.на У.О.	63.547	65.648	47.238	**54.684**	**54.684**
4269904	Аконтација данок на добивка	153.048	0	234.986	**238.263**	**395.919**
4269908	Пер.данок – Сопствено возило	40.182	35.619	0	0	0
Вкупно за конто 426		**4.379.764**	**2.260.502**	**2.956.521**	**1.755.925**	**1.714.032**

Во **2020 година** на конто 426 - Други тековни расходи изнесуваат вкупно 1.714.032 денар што е на ниво на 2019 година. Треба да се напомене дека репрезентацијата за 2020 година во однос на 2019 година е за 2,5 пати помала а во однос на 2018 година за 9,5 пати.

3. ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ

3.1 Анализа на побарувања на ЈЗУ

ПОБАРУВАЊА		**Состојба на 31.12.2016**	**Состојба на 31.12.2017**	**Состојба на 31.12.2018**	**Состојба на 31.12.2019**	**Состојба на 31.12.2020**
Конто 1200	Побарувања од Министерство за здравство	8.786.200	15.026.200	18.193.448	**15.204.598**	**36.151.891**
Конто 1220	Побарувања од ЈЗУ Општи Болници, Здравствени домови	235.498.877	199.529.906	174.718.859	**171.316.640**	**148.479.243**
Конто 1221	Побарувања од ЈЗУ Универзитетски клиники	203.492.246	176.467.419	197.006.677	**173.020.206**	**148.680.355**
Конто 1222	Побарувања од купувачи- сите останати	163.499	87.500	158.958	**88.870**	**92.360**
Конто 1224	Побарувања од ПЗУ	6.602.599	4.899.421	8.200.555	**11.005.579**	**5.676.349**
Конто 1225	Побарувања од јавни нездравствени установи				**137.344**	**892.611**
Конто 1226	Побарувања од др.за закуп и струја	0	0	0	**0**	**79.200**
Конто 1229	Спорни – сомнителни побарувања	4.708.780	3.473.615	3.473.615	**3.473.615**	**3.473.615**
Конто 1300	Аванси	41.712	36.700	0	**0**	**0**
Конто 1509	Краткорочни побарувања (од враб. за сл. пат)	69.431	40.533	17.199	**33.011**	**22.457**
Конто 1740	Аконтации за данок од добивка	837.914	422.712	318.153	**288.252**	**395.919**
Вкупно		**460.159.546**	**399.983.926**	**402.087.464**	**374.568.115**	**343.944.000**

Побарувањата на Институтот во однос на 2020 година изнесува помалку за 30.624.115 денари што се должи на зголемената наплата на побарувањата, пред се побарувањата од минатите години како и намаленото давање услуги и крвни продукти поради состојбите со КОВИД-19.

Институтот има превземено активности за утужување на ненаплатените побарувања, дел од постапките се завршени, дел се во тек, а со дел од добавувачите се склучени договори со нотарски акт со дефиниран начин на наплата. После превземањето на овие активности побарувањата се намалија односно се зголеми наплатата. Зголемениот обем на наплата ги намали обврските на Институтот према добавувачите што е евидентно во делот Обврски.

Треба да се напомене дека во 2020 година ПЗУ се наплатени вкупно 22.616.235 денари. Побарувањата во 2020 година од овие ПЗУ сво однос на 2019 година се намалени за 5.329.230 денари.

3.2 Анализа на обврските на ЈЗУ

Табела на обврски:

Р. Бр.	Назив на добавувач кон кој ЈЗУ има обврска / долг	Обврски 31.12.2016	Обврски 31.12.2017	Обврски 31.12.2018	Обврски 31.12.2019	Обврски 31.12.2020
1.1	ЈЗУ КЛИНИКИ	920.636	237.668	700.310	**231.858**	**180.355**
1.2	ЈЗУ ОПШТИ БОЛНИЦИ И ЗД	24.046.199	13.341.680	5.024.386	**4.794.261**	**3.432.173**
	ВКУПНО ЈЗУ	***24.966.835***	***13.579.348***	***5.724.696***	***5.026.119***	***3.612.528***
2.1	**Добавувачи за основни средства**	7.000.877	1.098.484	7.874.099	**10.633.544**	**1.008.475**
2.1	**Добавувачи за лекови**	258.972.870	243.521.150	203.147.912	**150.410.012**	**130.815.275**
2.2	**Други добавувачи материјали**	138.794.769	110.326.797	148.440.794	**155.426.844**	**120.457.590**
	ВКУПНО добавувачи	***404.768.516***	***354.946.431***	***359.462.805***	***316.470.400***	***252.281.340***
3.1	***Вкупно останати обврски***	***6.946.263***	***6.239.678***	***75.897***	***96.563***	***278.788***
	[illegible]	[illegible]	[illegible]	[illegible]	[illegible]	[illegible]

Обврските на ЈЗУ се намалија во однос на 2019 година за 65.420.426 денари што преставува голем напредок во однос на намалување долгот на Институтот. Обврските се намалија пред се поради зголемената наплата на побарувањата кои директно се рефлектираа и на знамалување на обврските.

Намалување на обврските за лекови кои Институтот ги имаше се намлија за 19.594.737 денари што преставува огромен напредок во сервисирањето на обврските за лекови што се должи пред се на зголемување на буџетот од страна на ФЗОРМ како и од добиении донации на лекови кои влијаеа на нествторање на нови обврски од овој тип.

Институтот има големи намалувања на обврските за основни средства во износ од 9.625.069 денари како и и големо намалување кај обврски за реагенски и медицински материјали и сотанати др.обврски во износ од 34.969.254 денари

Во 2020 година имаме склучено Договор за солемизација и тоа со добавувачот Др. Пановски и добавувачот Авицена кои се откажаа од каматни побарувања а долгот се исплаќа на рати.

Состојба на Сметките-паричните средства

Салдо на сметка (збирно во денари)	31.12.2016 *	31.12.2017 *	31.12.2018 *	31.12.2019 *	31.12.2020 *
Износ	0	0	0	**0**	**0**

**буџетска сметка*

Салдо на сметка (збирно во денари)	31.12.2016 *	31.12.2017 *	31.12.2018 *	31.12.2019 *	31.12.2020 *
Износ	562.179	2.985.480	489.859	**1.113.792**	**40.263**

**сопствена сметка*

Салдо за донации (збирно во денари)	31.12.2016 *	31.12.2017 *	31.12.2018 *	31.12.2019 *	31.12.2020 *
Износ	729.747	729.747	729.747	**729.747**	**729.747**

**сметка донации*

5. НАБАВЕНИ И ПОТРОШЕНИ ЛЕКОВИ, МЕДИЦИНСКИ МАТЕРИЈАЛИ И ГОТОВИ ПРОИЗВОДИ,

5.1 Набавка и потрошувачка на лекови и медицински материјали

5.1.1 Преглед на набавени лекови и медицински материјали

Конто	Назив на материјалот	Набавени во 2016	Набавени во 2017	Набавени во 2018	Набавени во 2019	Набавени во 2020
310510	Лекови- фактори	249.498.686	246.161.838	236.679.935	**192.357.835**	**292.761.216**
310550	Санитетски материјали	1.101.986	921.650	830.783	**1.735.164**	**2.572.472**
310590	Реагенси-Аптека	122.347.991	149.152.049	161.954.093	**177.594.807**	**181.020.804**
310591	Други лабораториски Материјали	26.039.353	32.442.807	38.710.918	**31.995.738**	**33.698.541**
	Вкупно	**398.988.016**	**428.678.344**	**438.175.729**	**403.683.544**	**510.056.033**

5.1.2 Преглед на издадени лекови и медицински материјали

Конто	Назив на материјалот	Потрошено во 2016	Потрошено во 2017	Потрошено во 2018	Потрошено во 2019	Потрошено во 2020
310510	Лекови- фактори	261.479.467	238.616.313	231.110.027	**199.113.126**	**290.110.876**
310550	Санитетски материјали	1.127.516	918.328	828.104	**1.544.833**	**2.066.602**
310590	Реагенси-Аптека	122.523.288	147.206.483	165.001.332	**179.796.671**	**171.266.236**
310591	Други лабораториски Материјали	29.760.537	33.735.805	39.297.742	**32.196.365**	**30.698.250**
	Вкупно	**414.890.808**	**420.476.929**	**436.237.205**	**412.650.995**	**494.141.994**

Споредбено со 2019 година може да се види дека набавката и потрошувачката на лекови-фактори на коагулација во 2020 е зголемена при набавка во вредност од 100.403.381 денари додека обемот на потрошувачка е зголенен за 90.997.750 денари.Со зголемувањето на обемот на лекови во 2020 година немаше недостато на лекови за хемофилија а залихите беа на оптимално ниво. На крајот од 2020 година Институтот располага со лекови во вредност од 11.796.833 денари. Зголемениот промет на лекови во еден дел се должи и на примени донации во лекови.

Во однос на другите реагенси и медицински материјали нема поголеми отстапки во однос на 2019 година. Во 2020 немаше недостатоци на реагенси за редовно работење на Институтот. На крајот од годината Институтот располагаше со залиха на реагенси, медицински и санитетски материјал во вредност од 27.442.783 денари.

5.2 Залихи на готови производи

Залихата на готовите производ на 31.12.2020 година е во вкупен износ од 16.010.260 денари што покажува дека има доволни количина на готови компоненти на крв за потребите на пациентите во РСМ. Во 2020 година немаше недостаоци на крв и крвни компоненти. Во 2020 година се докомлетира и Софтверот за евиденција на патот на крвта и крвните компоненти е-ДЕЛФИН што веруваме дека ќе дојде до подобра контрола и квалитетот на целокупниот процес на крвта и крвните компоненти како во делот на квалитетот на компонентите и сигурната крв така и во делот на евидентирање како и финансиска евиденција на истите.

6. ЈАВНИ НАБАВКИ

Од страна на здравствената установа изработени е план за јавни набавки за 2020 година, согласно правилникот за формата, содржината и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки и истите се донесени со Одлуки на управен одбор како и измените на Годишниот план за ЈН кои се спроведени во текот на годината.

Во ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Р.Македонија – Скопје има одделение за Јавни набавки во кој е вработено 1 (едно) лица за јавни набавки кои се обучени за вршење на работите од областа на јавните набавки и две лица кои дополнително се вклучуваат во работењето на одделението согласно потребите.
Во ЈЗУ соодветна потврда за положен испит имаат две лица за јавни набавки.
ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Р.Македонија - Скопје , постапките за набавка ги спроведува самостојно.
Во 2020 година спроведени се вкупно 68 постапки за набавка и склучени се договори во вкупна вредност од 363.975.940 денари. Од спроведените постапки се склучија вкупно 75 договори.

Директор-лекар на ЈЗУ
Д-р.суб.спец. Седула Усеини _____

Директор економист
М-р Венко Стомнароски _____

Раководител на сектор за МФР, Сметководство и ЈН
Дипл. Екк.Боби Божиновски _____